# CEZAR PLUS
## ЦЕЗАР ПЛУС



**ПРИМЕНА:**

**CEZAR PLUS** е системичен фунгицид со превентивно и куративно дејство. Се користи за сузбивање на причинителот на сивото гниење на грозјето - Botrytis cinerea, кај винските сорти, во доза од 1-1,2 kg/ha. Се препорачува третирањето да се изврши во фаза на зрно грашок (затворање на гроздовите) или најдоцна до фазата на прошарок (BBCH81). Во текот на вегетацијата дозволено е максимум едно третирање на лозата со овој фунгицид.

**ПОДГОТОВКА НА РАБОТЕН РАСТВОР:** потребното количество од производот се раствора со малку вода до кашеста текстура, која се додава на определеното количество вода во распрскувач со постојано мешање. Препорачан работен раствор 60-100 L/ha, во зависност од големината на масата на листовите.

**КОМПАТИБИЛНОСТ:** Според производителот, производот може да се меша со речиси сите акарициди, инсектициди, фунгициди и фолијарни ѓубрива, но пожелно е пред употребата да се направи тест за компатибилност.

**ФИТОТОКСИЧНОСТ:** Во препорачаните дози, средството не е фитотоксично за виновата лоза.

**КАРЕНЦА:** 35 дена за вински сорти грозје.

**РЕЗИСТЕНТНОСТ:** Нема податоци.

**КАТЕГОРИЈА НА УПОТРЕБА:** III - трета. За слободна употреба на лица над 18 години.

**ОТРОВНОСТ:** CEZAR PLUS е токсичен за рибите и другите водени организми, поради што треба да се спречи негово доспевање во водотеци, езера, бунари и извори на вода, како и во канализациски мрежи.

Според прописите за промет со отрови, производителот е должен на пакувањето (етикетата и упатството) видно да ја означи отровноста на средството.

**ТОКСИКОЛОШКА ИНФОРМАЦИЈА:** LD50 орално за стаорец = 5000 mg/kg телесна тежина

**ПРВА ПОМОШ И МЕДИЦИНСКИ СОВЕТИ:**

**При проголтување** - Не му ставајте ништо во устата на човек кој не е во свесна состојба! Веднаш побарајте медицинска помош. Да не се предизвикува повраќање. Ако пациентот е во свесна состојба, измијте ја убаво устата и дајте му да испие чаша вода.

**При вдишување** - Изведете го повредениот на чист воздух. Направете вештачко дишење, ако дишењето е застанато. Веднаш побарајте медицинска помош.

**При допир со кожата** - Извадете ја нечистата облека и чевлите. Измијте го заболеното место обилно со вода. Побарајте медицинска помош ако е потребно. Исперете ја нечистата облека пред следната употреба.

**При навлегување во очите** - Веднаш плакнете најмалку 15 минути со вода додека ги држите очите отворени. Отстранете ги контактните леќи, ако има такви и исплакнете темелно со вода најмалку уште 15 минути. Веднаш побарајте квалификувана медицинска помош.

**ИНСТРУКЦИИ ЗА ЛЕКАРОТ:** Нема специфични антидоти. Лекувајте симптоматски.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊА ЗА ОПАСНОСТ:**

H319 - Предизвикува сериозна иритација на очите.

H341 - Се претпоставува дека предизвикува генетски дефекти.

H373 - Може да предизвика оштетување на органите преку продолжено или повторено изложување.

H411 - Токсичен за водните организми, со долготраен ефект.

**ПРЕПОРАКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ:**

P260 - Избегнувајте вдишување на прашина/дим/гас/чад/испарување/аеросоли.

# Фунгицид

**Содржина на активна материја:**
Thiophanate methyl (тиофанат метил) 700 g/kg
Формулација: водонавлажлив прашок (WP)

**CEZAR PLUS** претставува СИСТЕМИЧЕН фунгицид со куративно и превентивно дејство за успешно сузбивање на причинителот на сивото гниење на грозјето Botrytis cinerea.

**Дозвола бр.:**

**УП 104-353/19 од 04.09.2019**

CAS бр. 23564-05-8

**Рок на употреба:**
2 години од датумот на производство при правилно складирање на производот.
**Датум на производство:**
Види на пакувањето (ден, месец, година)
**Сериски број:**
Види на пакувањето

**Производител:**
ЗЕНИТ КРОП САЈАНСИС ул. Димитар Манов 75-83, 1408 Софија, Бугарија

**Ексклузивен увозник и застапник:**
ХЕРБОС СКОПЈЕ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
ул. 7 бб 1000 Скопје, Р.Македонија
тел.факс +389 2 2720 139;
2720 140; 2720 141



НАПОМЕНА

**1 kg**

HERBOS

P264 - Да се измијат рацете темелно по употреба.

P280 - Користете заштитни ракавици/ заштитна облека/ заштитни очила/заштита на лице.

P305+P351+P338 - Во случај при контакт со очите: внимателно исплакнете со вода неколку минути. Тргнете ги контактните леќи, доколку ги има и доколку тоа е можно. Продолжете да миете.

P308+P313 - Во случај на очигледна или сомнителна изложеност: Веднаш побарајте медицински совет/помош.

P273 - Да се избегнува испуштање во околината.

P501 - Содржината/пакувањето да се исфрли во согласност со локалните/регионалните/национални прописи.

EUH208 - Содржи тиофанат метил. Може да предизвика алергиска реакција.

EUH401 - Со цел да се избегне загрозувањето на здравјето на луѓето и животната средина, да се следат упатствата за користење.

**ПРЕТПАЗЛИВОСТ:** За време на работа е забрането да се пуши, јаде или пие. Да не се складира со храна и пијалаци; Пред паузите и на крајот на работата рацете да се измијат!

Да се држи во подготвеност направа за плакнење на очите. Прашокот да не се вдишува.

**ПРОТИВПОЖАРНИ МЕРКИ:** Во случај на пожар, може да се оддели чад со отровни гасови - сулфур диоксид, азотни оксиди, јаглерод моноксид и водород сулфид. Соодветни противпожарни средства - Сув прав, противпожарни апарати со јаглерод диоксид. Во случај на поголеми пожари користете противпожарни апарати со пена.

Несоодветни средства за гасење- воден млаз.

**ПРИ ВОНРЕДНО ИСТУРАЊЕ НА ПРЕПАРАТОТ:** Во случај на истурање преземете мерки за заштита од загадување на површинските и подземните води, почвата и канализацијата. Отстранете ги изворите на топлина и оган. Во случај на навлегување на производот во канализацијата, почвата, површинските или подземните води, извести ги веднаш надлежните органи. Апсорбирајте со инертни материјали - песок, зеолит. Користете правосмукалка. Не ги фрлајте производот, пакувањето и/или загадените материјали во системи за отпадни води и извори на вода. Соберете ги во соодветен, означен, добро затворен сад за отпад. Чувајте го контејнерот на соодветно место за понатамошна обработка или депонирање во согласност со националното законодавство.

**УНИШТУВАЊЕ НА ПРАЗНИ ПАКУВАЊА И ПРОИЗВОДИ СО ПОМИНАТ РОК НА ТРАЕЊЕ:** Да не се користи повторно празната амбалажа. Празните пакувања да се исплакнат трипати со вода која се излева во резервоарот на распрскувачот. Да не се фрлаат остатоци од производот или растворот во извори на вода. Пред исфрлање на определените за целта места амбалажите да се направат неупотребливи за повторна употреба.

**СКЛАДИРАЊЕ И ТРАНСПОРТ:** Да се чува во оригинални пакувања и суви вентилирани складишта, одделно од инсектициди, хербициди и прехранбени производи, на места недостапни за деца, далеку од запаливи материи. Да се почитуваат правилата за транспорт на ПРЗ согласно барањата на Европската спогодба за меѓународен превоз на опасни материи по патишта /АДР 2003/.

**ВАЖНО !!!**

Дадената информација во оваа етикета се смета за точна до датумот на издавање и е обезбедена со добра волја, но фирмата производител не се ангажира со нејзината полнота и/или точност. Информациите треба да се користат само како водич, но лицата кои го користат производот треба да направат своја процена за нејзината соодветност за целите пред употреба. Фирмата производител не носи одговорност за настанати штети од било каква природа како резултат на неправилна употреба, складирање, примена, погрешно користење и/или контакт со овој производ.